| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Фидуцијарно право** |
| 2. | **Код** | 50835 |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар \| **7.** \| **Број на ЕКТС кредити** \| 6 |
| 8. | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Нема |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |

Цел на предметната програма по Фидуцијарно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за оваа специфична прана материја и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.

Посебни задачи на оваа програма се:

- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на фидуцијарното право.
- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со фидуцијарното право.
- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на фидуцијарното право.
- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните видови правни извори за регулација на фидуцијарното право и различните видови обичаи и стандарди на однесување и професионални стандарди во рамките на секоја од професиите засегнати од него.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните видови договори и други правни дела со кои се регулира фидуцијата; како и различните системи според кои се регулираат ваквите односи.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат договорот за услуга, договорот за мандат, договорите за застапување, суштествените елементи на тие договори и начините на исполнување на обврските произлезени од нив.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните правила на фидуцијарниот однос и правата и обврските за странките во тој однос.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат различните главни типови институции развиени од фидуцијата, како трустот, Treuhand, wak'f, bewind.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат релевантните меѓународни конвенции што ги регулираат односите со фидуцијарни карактеристики.

| | |
|---|---|
| | - студентите да бидат во состојба да ги знаат различните директиви и другите прописи на ЕУ за правните односи што се базираат на фидуцијата.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните видови fiducia cum amico и fiducia cum creditore.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по фидуцијарно право ќе ги обработи теоретските аспекти на фидуцијарното право, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира оваа материја.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на фидуцијарното право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамките на предметот Фидуцијарно право студентите се запознаваат со различните видови фидуцијарни институции и располагања со стварите и правата (familiae emptor, fideicommissum, fiducia, trust, Treuhand, wak'f, временски ограничени стварни права, различни видови фондации и фондови без својство на правно лице, организација на црквите и универзитетите, домови за сираци, домови за сиромашни, самоуправна организација на здружениот труд, инвестициони и пензиски фондови и други типови фондовска организацција); правните и обичајните извори за регулација на фидуцијата; директното и индиректното застапување; комисионите договори како облигационо-правна форма на фидуцијарниот однос; правната природа на договорот за мандат и договорот за застапување; заштитени фондови, инвестициони фондови, пензиски фондови, ануитети; пазар на ануитети; животно осигурување; колективни форми на обезбедување; fiducia cum amico, fiducia cum creditore; труст, Хашка конвенција за трустот, директиви на ЕУ за финансиските обезбедувања со фидуцијарни елементи; директиви на ЕУ за фидуцијарните и на нив сличните институции; предлози за директиви на ЕУ за заштитените фондови; феудални остатоци на фидуцијарните форми; ставовите за фидуцијата на Глосаторската и Пост-глосаторската школа, ставовите за фидуцијата на George Gemistios Pletton и тнр. “нео-платонистичка школа“Ч dominium directum, dominium utile, англо-саксонска поделба на сопственоста на legal ownership и equitable ownership, Statute of Uses; средновековно користење на фидуцијата во Византија; современи форми на фидуцијата во Франција, Холандија, Германија и Италија; наследството на ромејското право и на “неоплатонистичката школа“ од последните децении на Византиската Империја; хартии од вредност издадени врз основа на фидуцијарен однос и пазари за тие хартии од вредност; секуритизација; фидуцијарен однос; права и обврски за странките; основни обврски за секоја од страните; обврска за лојалност; степен на должно внимание; одговорност во однос на трети лица; основни права од фидуцијарниот однос; правна заштита..<br>Предметот Фидуцијарно право особено ги анализира правните институции труст, вакф, пронија и другите облици на фрагментирана сопственост за целите на деловното право (акредитив, подсметка, escrow account, фидуцијарен пренос на сопственоста како разлачно право, off-shore компании итн.). |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка |

| | | |
|---|---|---|
| | | работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

**22. Литература**

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Димитар Гелев | Фидуцијарно право (Труст) – учебно помагало | https://ukim.academia.edu/ DimitarGelev | 2016 |
| **2.** | Michele Graziadei, Ugo Mattei, Lionel Smith | Commercial Trusts in European Private Law (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Cambridge University Press | 2009 |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Graham Moffat, Gerry Bean, Rebecca Probert | Trusts Law: Text and Materials | Cambridge University Press | 2009 |
| **2.** | Lionel Smith | Reimagining the Trust: Trusts in Civil Law | Cambridge University Press | 2012 |
| **3.** | Tamar Frankel | Fiduciary Law | Oxford University Press | 2011 |